Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ
Подружница ПОПОВА ШАПКА Тетово
Бр. 10-248/3
08.06.2018 год
Скопје

ЕЛЕМ ТУРС
ДООЕЛ - СКОПЈЕ

# ПОКАНА ЗА ПРИБИРАЊЕ НА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА СТОКИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ДРУШТВОТО ЗА ТУРИЗАМ УГОСТИТЕЛСТВО РЕКРЕАЦИЈА И СПОРТ ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ СКОПЈЕ ПОДРУЖНИЦА ПОПОВА ШАПКА ТЕТОВО

**бр. 10- 248/ 3 од 08.06.2018**

**Јуни , 2018 Тетово**

Почитувани,

Друштвото за туризам угостителство рекреација и спорт **„ ЕЛЕМ ТУРС " ДООЕЛ Скопје** Подружница Попова Шапка Тетово , со адреса на Ул. „ Мурат Бафтијар "бб. 1200 Тетово , има потреба од набавка на:

- Безалкохолни пијалоци;
- Прехрамбени, кондиторски производи;
- Леб, брашно и бели пецива ;
- Риба и морски плодови;
- Зеленчук и преработка од зеленчук–дел за конзервирани и замрзнати производи од зеленчук;
- Млеко и млечни производи – дел

За таа цел, „ ЕЛЕМ ТУРС " ДООЕЛ Скопје на Подружница Попова Шапка Тетово во понатамошниот текст - Набавувач ) спроведува постапка за доделување на договор за набавка на горенаведените производи , со Оглас кој е поставен во делот „ Набавки „ на страницата **www. elemturs.mk** .
Ве молиме да ни ја доставите Вашата понуда за горенаведената набавка за доделување на договор за набавка, најдоцна **до 18.06.2018 година во 15 часот** (по локално време) по пошта на горната адреса или лично со поднесување во архивата на Подружница Попова шапка Тетово .

Исто така, Ве информираме дека Поканата за прибирање на понуди ги содржи сите информации кои ќе Ви помогнат за изработка на понудата и истата може да ја преземете во делот за Набавки од страницата **www. elemturs.mk** , да ја добиете по електронски пат или лично да ја подигнете во просториите на архивата во Подружница Попова шапка Тетово .

Поканата се состои од следните делови:

- инструкции за понудувачите
- технички спецификации
- образец на понудата
- изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба

Однапред Ви благодариме на соработката.

Место,

**Тетово , 08.06.2018 година**

Раководители,

**Никола Каровски** **Беким Сељами**

ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје

**Инструкции за понудувачите**

1. **Корисник на стоките и услугите (во понатамошниот текст ,, Набавувач")**

Набавувачот на Стоки и Услуги е Друштвото за Туризам Угостителство Рекреација и Спорт ,, ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје Подружница Попова Шапка Тетово :

- Ул. ,, Мурат Бафтијар " ББ Тетово
- Поштенски фах 103
- Телефони за контакт :044-330-464 ,ел.адреса:contact@popova-sapka.mk
- Контакт лице : Мирчо Трпевски моб.телефон 070 224-832 е-маил mirco.trpevski@elemturs.mk

2.1. Предмет на договорот за набавка е согласно со Годишниот план за набавки за 2018 година на Друштвото за Туризам Угостителство Рекреација и Спорт ,, ЕЛЕМ ТУРС " ДООЕЛ Скопје .

2.2. **Предметот на договорот е деллив по позиции наведени во секоја техничка спецификација .**

**3.Начин на испорака**

Носителот на набавката е должен предметот на договорот да го испорача на следниов начин : по претходна писмена или усмена нарачка од страна на Набавувачот во рок кој е ќе го дефинира Набавувачот (веднаш или во рок од 1 ден од денот на писмената или усмената нарачка) во зависност од потребите и условите кои ги дефинира тековното работење на Подружницата Попова Шапка Тетово.

**4. Разлики во цена (корекција на цени)**

4.1. Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за набавка.

4.2. Корекција на цените единствено е прифатлива за стоките во делот за набавка на зеленчук и овошје кои имаат осцилации во зависност од сезонскиот карактер на понудата и побарувачката во Република Македонија.

**5. Рок на испорака**

Носителот на набавката е должен да го испорача предметот на договорот сукцесивно, во зависност од потребите на Набавувачот ,, Франко магацин" Подружница Попова Шапка за хотел Славија и Хотел Попова Шапка согласно начинот на испорака (точка 3) односно веднаш или во рок од 1 ден од денот на писмената или усмената нарачка.

**6. Начин на плаќање**

Начин на плаќање е вирмански, во рок од 90 дена од денот на пристигнувањето на фактурата кај Набавувачот.

## 7. Право на учество

7.1. Право да достави понуда има секое заинтересирано домашно и странско правно и физичко лице - понудувач, кое е регистрирано за вршење на дејноста поврзана со предметот на договорот за набавка.

## 8. Критериуми за утврдување на способност на понудувачите

За да учествуваат во постапката за доделување на договор, понудувачите мора да ги исполнуваат следниве критериуми за утврдување на нивната способност:

### 8.1. Лична состојба

- во последните 5 години, на понудувачот да не му била изречена правосилна пресуда за учество во злосторничка организација, корупција, измама или перење пари;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна забрана за учество во постапки за јавен повик, доделување на договори за јавна набавка и договори за јавно приватно партнерство;
- на понудувачот да не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на одделна дејност;
- понудувачот да не е во постапка за стечај или во постапка за ликвидација;
- понудувачот да нема неплатени даноци, придонеси или други јавни давачки;
- на понудувачот да не му е изречена прекршочна санкција - забрана за вршење на професија, дејност или должност, односно привремена забрана за вршење одделна дејност, и
- понудувачот е должен да дава точни податоци и да ги доставува податоците што ги бара Набавувачот.

### 8.2. Способност за вршење на професионална дејност

Понудувачот задолжително треба да ги исполнува следните услови за вршење на професионална дејност:

- Понудувачот треба да достави копија од Тековна состојба и Доказ за регистрирана дејност - ( ДРД – образец ) .
- Понудувачите кои ке поднесуваат понуди за деловите поврзани со набавката на храна и пијалоци задолжително треба да поседуваат лиценца за оператор со храна издадена од страна на Агенцијата за Храна и Ветеринарство во Република Македонија.
- Понудувачите кои ќе поднесуваат понуди за деловите поврзани со набавката на храна и пијалоци потребно е да достават доказ за имплементација на стандарди и системи за безбедност на храна ( НАССР ) или друг доказ за спроведена „ Добра хигиенска пракса", сертификати , препораки итн.
- Понудувачите кои ќе поднесуваат понуди за деловите поврзани со набавката на храна потребно е да достават доказ за поседување на соодветно возило за дистрибуција на храната ( возило со разладен уред ) и доказ за поседување на соодветни магацински простории, разладни комори кои ги исполнуваат условите за исполнување на предметот на набавката во согласност со Правилникот за минимално - технички услови

за деловни простории и простории во кои се врши трговија ( „ Сл. Весник на РМ „ бр. 21/2014 ).

- Понудувачите може да доставaт „Референтна листа " и други докази со кои ја потврдуваат способноста за вршење на професионалната дејност.
- Комисијата за набавки во текот на спроведување на постапката за евалуација има право да побара примероци од понудувачите за утврдување на квалитетот на артиклите и да ги посети понудувачите со намера да ја утврди нивната способност за вршење на професионалната дејност.

## 9. Начин на докажување на способноста на понудувачот

9.1 Комисијата за набавки доколку процени дека е неопходно да ја процени способноста на понудувачот ,го задржува правото да побара информации директно од надлежните органи кои ги издале документите за утврдување на личната и професионалната состојба.

9.2 Понудувачот за докажување на својата лична и професионална состојба поднесува изјава дека ги исполнува предвидените критериуми за утврдување на личната и професионалната состојба, која е дадена во прилог на оваа Покана за прибирање на понуди.

9.3 Комисијата ќе побара само од понудувачот чија понуда ја утврдила за најповолна да ги достави потребните документи за утврдување на неговата лична состојба.

## 10. Појаснување, изменување и дополнување на условите во Поканата за прибирање на понуди

10.1 Носителот на набавката може да побара појаснување на Поканата или Техничките спецификации од Набавувачот по телефон , во електронска форма или во писмена форма, најдоцна 3 дена пред крајниот рок за поднесување понудите.
10.2 Појаснувањето Набавувачот ќе го достави до сите понудувачи што добиле или подигнале Покана за прибирање на понуди , без при тоа, да се идентификува понудувачот што побарал појаснување.
10.3 Набавувачот може по потреба, да ја измени или дополни Поканата за предметот на набавка, најдоцна 3 (три) дена пред денот на завршување на крајниот рок за поднесување на понуди и навреме да ги информира понудувачите за промените.

## 11. Изготвување и поднесување на понудите

### 11.1. Начин на изготвување на понудата

Понудата се изготвува во согласност со условите предвидени во Поканата за прибирање на понуди , со користење на обрасците дадени во прилог.

Понудувачот освен спецификацијата која е составен дел на Поканата за прибирање на понуди може дополнително да достави своја форма на понудени артикли доколку некои од артиклите не се ставени во техничките спецификации.

Комисијата може да ја земе во предвид дополнетата спецификација доколку смета дека има потреба за набавка на таквите производи или истата да ја отфрли.

11.2. Елементи на понудата

Понудата треба да е составена од следниве елементи и според следниов редослед:

- Информации за понудувачот
- Техничка понуда
- Финасиска Понуда
- Рок за испорака
- Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба

11.3 Цена и Период на важност на понудата

- Понудувачот во листата на цени и рокови на испорака ја внесува цената за секој производ поединечно. Рокот на испорака го дефинира во понудата.
- Понудената цена треба да ги вклучува сите трошоци и попусти на понудувачот , да биде искажана без данок на додадена вредност кој се искажува посебно.
- Цената на понудата се пишува со бројки и букви.
- Доколку одделна понуда содржи невообичаено ниска цена која е значително пониска од реалната пазарна цена што предизвикува сомнеж дека договорот ќе биде извршен, набавувачот од понудувачот бара во писмена форма и пред одбивање на понудата, детали околу понудата за кои смета дека се важни и ги проверува доказите што биле доставени за оправдување на цената на понудата. Ако понудувачот не успее да објасни во писмена форма , кои се причините за таквата цена во рок од три дена од датумот на поднесување на барањето, или пак ако Комисијата не ги прифати неговите причини, понудата ќе биде отфрлена.
- Цената на понудата се изразува во денари
- Периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот утврден како краен рок за поднесување на понудите за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот.

## 12. Краен рок и место за поднесување на понудите

12.1. Краен рок за поднесување на понудите е **18.06.2018** година **до 15 часот**. Понудите кои ќе пристигнат по наведениот краен рок ќе се сметаат за задоцнети и нема да бидат земени предвид во натамошната евалуација.

12.2. Понудите се поднесуваат во архивата на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје Подружница Попова Шапка Тетово или по пошта со потврда за поштенска пратка на истата адреса .

## 13. Евалуација на понудите

13.1. Комисијата за набавки ќе пристапи кон отворање на понудите доколку е пристигната и само една понудата.

**14. Критериум за доделување на договорот**

14.1. Критериуми за доделување на договорот за набавка **е економски најповолна понуда.** За носител на набавката ќе биде избран оној економски оператор кој ќе понуди економски најповолна понуда и чија понуда претходно е оценета како прифатлива понуда врз основа на исполнувањето на условите за личната состојба на понудувачот и способноста за вршење на професионална дејност.

Прифатлива понуда е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од поканата за прибирање на понуди и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите.

Како критериум за **економски најповолна понуда** се земаат следниве параметри изразени во бодови:

- Цена – 50 бодови;
- Квалитет – 40 бодови;
- рок на испорака – 10 бодови;

**15.. Доделување на договорот за набавка**

15.1.Набавувачот на стоки , по спроведената евалуација на понудите како последна фаза во постапката за Покана за прибирање на понуди, договорот му го доделува на понудувачот чија понуда има економски најповолна понуда и ги исполнува условите за прифатлива понуда.
15.2. Доколку две или повеќе понуди имаат иста цена, од ист бренд и квалитет за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој прв ја поднел понудата.
15.2. Доколку во две или повеќе понуди се понудат производи од ист бренд и квалитет за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој поднел најниската цена на производот.
15.2. Доколку во две или повеќе понуди се понудат производи со неверојатно ниска цена и сомнителен квалитет од нереномиран производител за најповолен понудувач ќе биде избран оној кој поднел прифатлива цена на производот согласно критериумите за економски најповолна понуда.

**16. Известување за доделување на договорот за набавка**

16.1. По завршувањето на изборот на носителот на набавката Комисијата за набавки е должна да достави Известување до сите учесници во постапката за изборот на најповолната понуда најдоцна во рок од 5 дена од донесувањето на одлуката за избор на најповолна понуда.

**17 . Завршување на постапката за доделување на договор за набавка**

17.1 Постапката за доделување на договор за набавка завршува на денот на потпишување на договорот за набавка од двете договорни страни или со поништување на постапката.

КОМИСИЈА ЗА НАБАВКИ
Друштво за Туризам Угостителство Рекреација и Спорт
ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје
Подружница Попова Шапка Тетово

**Прилог 1 – Образец на понуда**

Врз основа на огласот број 10-248/3 од 08.06.2018 објавен од страна на Друштвото за туризам и угостителство рекреација и спорт „ ЕЛЕМ ТУРС" ДООЕЛ Скопје Подружница Попова Шапка Тетово , за доделување на договор за набавка на Стоки за потребите на Друштвото , со спроведување на постапка со Покана за прибирање на понуди, на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

# ПОНУДА

**<u>Дел I – Информации за понудувачот</u>**

I.1. Име на понудувачот:

I.2. Контакт информации:

- Адреса:
- Телефон:
- Факс:
- Е-пошта:
- Лице за контакт:

I.3. Одговорно лице:

I.4. Даночен број:

I.5. Матичен број:

**Дел II – Техничка понуда**

Согласни сме да ги прифатиме условите , начинот и рокот на испорака утврдени во повикот.

**Дел III – Финансиска понуда**

Финансиската понуда со комплетната спецификација на понудените цени по артикли и делови е доставена во прилог на Понудата .
Нашата понуда важи за периодот утврден во Поканата за прибирање на понуди, и се согласуваме со условите и начинот на плаќање утврден во неа.

**Дел IV – Рок на испорака**

| | |
|---|---|
| **Место и датум** | **Одговорно лице** |
| --------------------- | ---------------------- |

# Т Е Х Н И Ч К А   С П Е Ц И Ф И К А Ц И Ј А

1. БЕЗАЛКОХОЛНИ ПИЈАЛОЦИ
Дел 1-ГАЗИРАНА И НЕГАЗИРАНА ВОДА

| реден број | Вид на производ | Единична мерка | количина | Единична цена без ДДВ | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Природна минерална негазирана вода,<br>Амбалажа:стакло,<br>Волумен:од 200 мл. до 350 мл. | парче | 200 | | |
| 2 | Природна минерална негазирана вода,<br>Амбалажа:пластика,<br>Волумен:од 300 мл. до 350 мл. | парче | 1.200 | | |
| 3 | Природна минерална негазирана вода,<br>Амбалажа:пластика,<br>Волумен:од 500 мл. | парче | 240 | | |
| 4 | Природна минерална негазирана вода,<br>Амбалажа:стакло,<br>Волумен:од 500 мл. до 1 л. | литар | 120 | | |
| 5 | Природна изворска негазирана вода,<br>Амбалажа:пластика,<br>Волумен:од 1,5 л. | парче | 360 | | |
| 6 | Газирана вода, Природна минерална вода со додаток на ЦО2со 8 гр/л+/-1 грам<br>Амбалажа:стакло,<br>Волумен:од 200 мл. до 250 мл. | парче | 1.000 | | |
| 7 | Газирана вода, Природна минерална вода со додаток на ЦО2со 8 гр/л+/-1 грам<br>Амбалажа:стакло, | литар | 500 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Волумен:од 1 л. | | | | |
| 8 | Газирана вода, Природна минерална вода со додаток на ЦО2со 8 гр/л+/-1 грам Амбалажа:пластика, Волумен:од 1,5 л. | литар | 180 | | |

Дел 2-СОКОВИ

| реден број | Вид на производ | Единична мерка | количина | Единична цена без ДДВ | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Газиран освежителен пијалок со состав:ароматично средство-кофеин,со вкус на карамела, Амбалажа:стакло, Волумен:од 200 мл. до 250 мл. | парче | 2.880 | | |
| | Газиран освежителен пијалок со состав:ароматично средство-кофеин,со вкус на карамела, Амбалажа: пластика , Волумен:од 500 мл. | парче | 240 | | |
| 2 | Газиран освежителен пијалок со состав:ароматично средство-кофеин,со вкус на карамела, Амбалажа:пластика, Волумен:од 1 л. | литар | 800 | | |
| 3 | Газиран освежителен безалкохолен пијалок со овошен сок од портокал мин.3 %, состав:вода,шеќер,јаглероден диоксид Амбалажа:стакло, Волумен:од 200 мл. до 250 мл. | парче | 720 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4 | Газиран освежителен безалкохолен пијалок со овошен сок од портокал мин.3 %, состав:вода,шеќер,јаглероден диоксид<br>Амбалажа:пластика,<br>Волумен:од 1л. до 1,5 л. | литар | 600 | | |
| 5 | Газиран освежителен безалкохолен пијалок со арома на кинин и вкус на лимон состав:вода,шеќер,јаглероден диоксид<br>Амбалажа:стакло,<br>Волумен:од 200 мл. до 250 мл. | парче | 720 | | |
| 6 | Газиран освежителен безалкохолен пијалок со арома на кинин и вкус на лимон состав:вода,шеќер,јаглероден диоксид<br>Амбалажа:пластика,<br>Волумен:од 1 л. до 1,5 л. | парче | 660 | | |
| 7 | Газиран освежителен безалкохолен пијалок со арома на кинин состав:вода,шеќер,јаглероден диоксид<br>Амбалажа:стакло,<br>Волумен:од 200 мл. до 250 мл. | парче | 120 | | |
| 8 | Газиран освежителен безалкохолен пијалок со арома на круша состав:вода,шеќер,јаглероден диоксид<br>Амбалажа:пластика,<br>Волумен:од 1 л. до 1,5 мл. | литар | 135 | | |
| 9 | Кашест овошен сок од праска, содржина на овошје мин.50%<br>Амбалажа:стакло,<br>Волумен:од 200 мл. до 250 мл. | парче | 400 | | |
| 10 | Кашест овошен сок од јагода, содржина на овошје мин.50%<br>Амбалажа:стакло,<br>Волумен:од 200 мл. до 250 мл. | парче | 150 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 11 | Овошен сок од вишња,<br>содржина на овошје мин.50%<br>Амбалажа:стакло,<br>Волумен:од 200 мл. до 250 мл. | парче | 150 | | |
| 12 | Овошен сок од концентрат од портокал,содржина :концентриран овошен сок од портокал со мин.50% овошна содржина<br>Амбалажа:стакло,<br>Волумен:од 200 мл. до 250 мл. | парче | 650 | | |
| 13 | Овошен сок од концентрат од јаболко,содржина :концентриран овошен сок од јаболко со мин.50% овошна содржина<br>Амбалажа:стакло,<br>Волумен:од 200 мл. до 250 мл. | парче | 350 | | |
| 14 | Кашест овошен сок од праска,<br>содржина на овошје мин.50%<br>Амбалажа:картон,<br>Волумен:од 1 л. | литар | 240 | | |
| 15 | Овошен сок од концентрат од портокал,содржина :концентриран овошен сок од портокал со мин.50% овошна содржина<br>Амбалажа:картон,<br>Волумен:од 1 л. | литар | 240 | | |
| 16 | Овошен сок од концентрат од јаболко,содржина :концентриран овошен сок од јаболко со мин.50% овошна содржина<br>Амбалажа:картон,<br>Волумен:од 1 л. | литар | 240 | | |
| 17 | Овошен сок од концентрат од портокал,содржина :концентриран овошен сок од портокал со мин.50% овошна содржина<br>Амбалажа:пластика,<br>Волумен:од 1 л. до 1,5 л. | литар | 240 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Сок-мултивитамински,концентрат на овошје и зеленчук мин.50% Амбалажа:пластика, Волумен:од 1 л. до 1.5 л. | литар | 90 | | |
| 19 | Сируп за освежителни безалкохолни пијалоци со вкус на портокал, со мин.60% сува материја Амбалажа:пластика, Волумен:од 1 л. до 1,5 л. | литар | 5 | | |
| 20 | Сируп за освежителни безалкохолни пијалоци со вкус на лимон, со мин.60% сува материја Амбалажа:пластика, Волумен:од 1 л. до 1,5 л. | литар | 20 | | |
| 21 | Сируп за освежителни безалкохолни пијалоци со вкус на боровинка, со мин.60% сува материја Амбалажа:пластика, Волумен:од 1 л. до 1,5 л. | литар | 20 | | |

Дел 3-КАФЕ

| реден број | Вид на производ | Единична мерка | количина | Единична цена без ДДВ | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 8 |
| 1 | Фино мелено печено кафе за варење,состав:арабика + робуста , пакување во пластична амбалажа од 200-500 гр. | килограм | 20 | | |
| 2 | Кафе експресо,печено Состав: арабика + робуста,пакување во пластична амбалажа од 1 кг. | килограм | 60 | | |
| 3 | Растворливо инстант кафе,пакување во пластична амбалажа од 200-500 гр. | килограм | 5 | | |

Дел 4-ЧАЕВИ

| реден број | Вид на производ | Единична мерка | количина | Единична цена без | Оригинален назив на |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | ДДВ | производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 8 |
| 1 | Филтер чај-нане | пакување до 20 кесички | 50 | | |
| 2 | Филтер чај-камилица | пакување до 20 кесички | 50 | | |
| 3 | Филтер чај-планински | пакување до 20 кесички | 50 | | |
| 4 | Филтер чај-мајчина душица | пакување до 20 кесички | 50 | | |
| 5 | Филтер чај-шумско овошје | пакување до 20 кесички | 50 | | |

Дел 5-ОСТАНАТИ ПИЈАЛОЦИ

| реден број | Вид на производ | Единична мерка | количина | Единична цена без ДДВ | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 8 |
| 1 | Енергетски пијалок со кофеин ,со витамини,состав:газирана вода,шеќер,лимонска киселина,волумен од 250 мл. | парче | 24 | | |
| 2 | Топло чоколадо,пакување од 20 гр. До 25 гр. | парче | 600 | | |

## 2.ПРЕХРАМБЕНИ И КОНДИТОРСКИ ПРОИЗВОДИ

### Дел 1-МЕШАНИ ПРОИЗВОДИ

| Р.б | Вид на производ | Единична мерка | Количина | Единична цена без ДДВ | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Шеќер-рафиниран конзумен пакуван од 1 кг во пвц кеса | килограм | 200 | | |
| 2 | Шеќер-рафиниран конзумен пакуван од 0,850 кг во пвц кеса | парче | 300 | | |
| 3 | Шеќер-рафиниран конзумен пакуван од 0,900 кг во пвц кеса | парче | 220 | | |
| 4 | Јодирана ситна кујска сол со калиум јодат (КЈО3) да не содржи помалку од 20 мг.ни повеќе од 30 мг.на 1 кг сол, Пакување 1 кг | килограм | 150 | | |
| 5 | Рафинирано Масло за јадење-сончогледово,без холестерол Пластично амбалажа 1л | литар | 1000 | | |
| | Маслиново масло за јадење , Пластична амбалажа од 1 л. | литар | 30 | | |
| 6 | Маслиново масло за јадење , Стаклена амбалажа од 1 л. | литар | 10 | | |
| 7 | Палминово масло. Растително, Пакување 20 л.во лимена канта | литар | 120 | | |
| 8 | Маргарин со минимум 80% растителни масти Пакуван до 250 гр | парче | 400 | | |
| 9 | Ориз -бел пакување 900 гр | парче | 500 | | |
| 10 | Ориз- бел , Пакување од 4 кг | килограм | 100 | | |
| 11 | Маслинки пакување до 5 кг | килограм | 120 | | |
| 12 | Смеса од зачини, За збогатување на вкусот на јадењата без конзерванси, Да содржи мин. 25 % сушен зеленчук, Пакување од 1кг до 5 кг | килограм | 150 | | |
| 13 | Брашни тип 400,Екстра бело нсо фина гранулација и содржина на пепел до 04% во пакување 1/25 кг харт. Вреќа | килограм | 250 | | |
| 14 | Брашни тип 500, содржина на пепел до 05% во пакување 1/25 кг харт. | килограм | 250 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вреќа | | | | |
| 15 | Брашно пченкарно, Во пакување од 0,400 кг до0,700 гр | килограм | 25 | | |
| 16 | Тестенини – Макарони класик или косо сечени Пченично брашно без јајца,тип 400, Пакување до макс.0,500 кг | парче | 100 | | |
| 17 | Тестенини макарони-со различна форма, со јајца Тип 400, Пакување до макс.0,500 кг | парче | 200 | | |
| 18 | Тестенини-Фиде Со јајца,тип 400 Пакување до макс. 0,500 кг. | парче | 200 | | |
| 19 | Тестенини-Фиде Без јајца,тип 400 Пакување до макс. 0,500 кг. | парче | 50 | | |
| 20 | Тестенини-Шпагети Со јајца,тип 400 Пакување до макс. 0,500 кг. | парче | 100 | | |
| 21 | Тестенини-Шпагети Без јајца,тип 400 Пакување до макс. 0,500 кг. | парче | 100 | | |
| 22 | Тортелини Со вкус на сирење или спанаќ Пакување 0,250 кг. | парче | 30 | | |
| 23 | Лазани Пакување до макс. 0,500 кг. | килограм | 20 | | |
| 24 | Оцет- Алкохолен до макс.9% оцетна киселина Пакување во пласт.амбалажа од 1 л. | литар | 20 | | |
| 25 | Оцет- Вински Пакување во пласт.амбалажа од 1 л. | литар | 220 | | |
| 26 | Оцет Јаболков Пакување во пласт.амбалажа од 1 л. | литар | 20 | | |
| 27 | Оцет Балсамико Микс од вински оцет,шира,карамел, глицерин,арома и конзерванси Пакување од 0.5 л. до 3 л. | литар | 50 | | |
| 28 | Екценција Алкохолен оцет 80 % пакување 0,250 л. | литар | 30 | | |
| 29 | Мајонез Растително масло мин.75 %,жолчки од јајца мин. 15%,сенф,зачини Пакување до 3 кг.во пласт.амбалажа | килограм | 200 | | |
| 30 | Супа Кокошкина со тестенини Пакување од 50 гр.до 70 гр. | парче | 200 | | |
| 31 | Супа Говедска со тестенини Пакување од 50 гр.до 70 гр. | парче | 150 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 32 | Супа Со печурки<br>Пакување од 50 гр. до 70 гр. | парче | 100 | | |
| 33 | Супа-концентрат Кокошкина со месо,без тестенини Пакување 1 кг.во алумин.фолија | килограм | 30 | | |
| 34 | Супа-концентрат Говедска со месо,без тестенини Пакување 1 кг.во алумин.фолија | килограм | 20 | | |
| 35 | Мармалад од мешано овошје,<br>Мин.сува материја 65%,<br>Пакување до 3 кг во пласт.амбалажа | килограм | 30 | | |
| 36 | Мармалар од мешано овошје,<br>Пакување од 20 гр | парче | 12000 | | |
| 37 | Мед цветен од 700 до 1кг,<br>Пакување во стаклена амбалажа | килограм | 20 | | |
| 38 | Мед цветен,хотелски,<br>Пакување од 20 гр | парче | 12000 | | |
| 39 | Доматен Кечап концентриран домат мин.28%-пак. Од 1кг | килограм | 200 | | |
| 40 | Доматен сок-концентриран кашест сок од мелен домат со зачин без конзерванс,100% домат,сува материја мин.20%-пак.стакл.или карт.амбалажа | килограм | 20 | | |
| 41 | Доматно пире од 0.5 до 5кг | килограм | 50 | | |
| 42 | Пире-Компир,Пакување од 4 кг до 5 кг ПВЦ кеса | килограм | 100 | | |
| 43 | Печурки во саламура<br>Пакување од 0.500 кг до 5 кг бруто | килограм | 150 | | |
| 44 | Сенф – пакување од 0.5 кг-3 кг | килограм | 15 | | |
| 45 | Црвен пипер – зачин мелена црвена пиперка ,не лута<br>Пакување од 100 гр | парче | 80 | | |
| 46 | Црвен пипер – зачин мелена црвена пиперка ,не лута Пакување од 200 гр | парче | 40 | | |
| 47 | Црвен пипер – зачин мелена црвена пиперка ,не лута Пакување од 500 гр | парче | 20 | | |
| 48 | Црвен пипер – зачин Буковец, лута пиперка Пакување од 0,500 кг | парче | 30 | | |
| 49 | Црн пипер -зачин мелен црн пипер,<br>Пакување од 0,5кг до 1кг | килограм | 10 | | |
| 50 | Зачин Куркума,пакување од мин 40 гр | парче | 30 | | |
| 51 | Зачин-Чили,пакување од мин.40 гр | парче | 20 | | |
| 52 | Зачин-Кари,пакување од мин 50 гр | парче | 40 | | |
| 53 | Зачин-босилок,пакување од мин 10 гр | парче | 20 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 54 | Зачин -Нане,пакување од мин 10 гр | парче | 20 | | |
| 55 | Зачин-Рузмарин, пакување од мин 10 гр | парче | 20 | | |
| 56 | Зачин- Оригано, пакување од мин 10 гр | парче | 20 | | |
| 57 | Ловоров лист зачинска билка сув ловоров | парче | 100 | | |
| 58 | Магданос зачинска билка сув магдонос Пакување од мин.10 гр. | парче | 80 | | |
| 59 | Сода бикарбона, Пакување од 0,5 кг до 1 кг | килограм | 5 | | |
| 60 | Соја шницли,пакување од мин.100 гр | килограм | 5 | | |
| 61 | Соја трошки, пакување од мин.500 гр | килограм | 5 | | |
| 62 | Соленки<br>Мешавина од соленки и квики,<br>Пакување од 0,400 кг во ПВЦ кеса | парче | 100 | | |
| 63 | Ролати со вкус на лешник-овошен.чоколада или карамела и какао прелив,<br>Пакување од 0.200кг-0.300кг | парче | 150 | | |
| 64 | Кекс фрути ,<br>Пакување од 0,112 кг до 1 кг | килограм | 20 | | |
| 65 | Млечен крем со лешник-еурокрем кафеаво-бел,<br>Пакување од 0.400 кг до 2.5 кг | килограм | 10 | | |
| 66 | Шеќер во прав, Пакување од 0,250 кг до 0,500 кг | парче | 40 | | |
| 67 | Кори за торта,<br>Пакување 0,700 кг,Картонска амбалажа | парче | 250 | | |
| 68 | Кори за баклава од 0,500 кг ,<br>Пакување во алуминска фолија | килограм | 20 | | |
| 69 | Обланда,<br>Пакување од 200 гр по ПВЦ фолија | парче | 30 | | |
| 70 | Бисквити, Пакување од 1 кг во ПВЦ кеса | килограм | 30 | | |
| 71 | Чоколаден прелив,<br>Пакување од 0,5 кг до 1 кг | килограм | 30 | | |
| 72 | Чоколадо за готвење,<br>Пакување од 0,100 кг | парче | 100 | | |
| 73 | Ванилин шеќер,<br>Пакување од 0,010кг | парче | 200 | | |
| 74 | Прашак за Пециво,<br>Пакување од 0.10кг | парче | 200 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 75 | Кокосово брашно,<br>Пакување 0,100 кг | парче | 100 | | |
| 76 | Нишесте,<br>Пакување 0,200 кг | парче | 75 | | |
| 77 | Сусам, Пакување од 0,100 кг | парче | 50 | | |
| 78 | Сусам , Пакување од 1 кг до 5 кг | килограм | 10 | | |
| 79 | Какао во прав, Пакување 0,100 кг | парче | 50 | | |
| 80 | Квасец свеж,<br>Пакување од 0.040 кг до 0.500 кг | килограм | 5 | | |
| 81 | Цимет, Пакување од 0,005 кг | парче | 50 | | |
| 82 | Пудинг Со вкус на Чоколадо,<br>Паковање од 0,050 кг | парче | 200 | | |
| 83 | Пудинг Со вкус на ванила,<br>Паковање од 0,040 кг | парче | 200 | | |
| 84 | Шлаг пена, Паковање 1 кг | килограм | 30 | | |
| 85 | Винобран,<br>Пакување 0.010кг | парче | 200 | | |
| 86 | Конзерванс,<br>Пакување 0.010кг | парче | 200 | | |
| 87 | Црн бибер во зрно 10 гр | парче | 100 | | |
| 88 | Лимонтус, Пакување 0,10 кг | парче | 100 | | |
| 89 | Сладолед | килограм | 120 | | |
| 90 | Помфрит | килограм | 2000 | | |
| 91 | Ѓувеч | килограм | 30 | | |
| 92 | Фант за ќебап | килограм | 20 | | |
| 93 | Карамел гел, Пакување<br>од 0,500 кг | килограм | 50 | | |
| 94 | Суви смокви, Пакување<br>од 0,200 кг | парче | 40 | | |
| 95 | Еурокрем, Пакување<br>од 0,010 кг до 0,025 кг | парче | 300 | | |
| 96 | Помодоре | килограм | 50 | | |

Дел – 2 JAJЦА

| Р.б | Вид на производ | Единична мерка | Количина | Единична цена без ДДВ | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Јајца од кокошка,свежи L класа,од 0,65 гр. До 70 гр. Класирани најдоцна 3 дена по производство,да не се миени,дезинфецирани или механички чистени,Пакување од 30 јајца во табла | парче | 30000 | | |

Дел – 3 – ТОРТИ И КОЛАЧИ

| Р.б | Вид на производ | Единична мерка | Количина | Единична цена без ДДВ | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Тулубма-десерт, состав:пченично брашно, гриз, јајца, шеќер,вода,пакување во соодветна амбалажа,парче од 5о гр. го 80 гр. | парче | 3000 | | |
| 2 | Баклава-десерт,состав пченично брашно,мелени ореви мин.25%,гриз,шеќер,вода,пакување во соодветна амбалажа,парче од 80 до 100 гр. | парче | 3000 | | |

Дел – 4 ЈАТКАСИ ПЛОДОВИ

| Р.б | Вид на производ | Единична мерка | Количина | Единична цена без ДДВ | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Ореви,лупени,пакување од 1 кг. | килограм | 15 | | |
| 2 | Лешници,печени,без лушпа,пакување од 5 кг. | килограм | 15 | | |
| 3 | Кикирики ,пржени,пакување од 5 к. | килограм | 40 | | |
| 4 | Ф стаци,печени во јатка,солени,пакување од 5 кг. | килограм | 10 | | |
| 5 | Бадеми,нелупени,печени,солени,паку | килограм | 10 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | вање од 5 кг. | | | | |

| Р.б | Вид на производ | Ед. мерка | Количина | Единечна цена без ддв | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Леб бел пченичен сечен тип 400 брашно 0.5 кг | парче | 10000 | | |
| 2 | Леб фармерски сечен од ржано и бело брашно тип 500 0.5 кг | парче | 500 | | |
| 3 | Леб пченкарен 100% пченкарно брашно 0.5 кг | парче | 500 | | |
| 4 | Леб Ржан 100% ржано брашно 0.5 кг | парче | 500 | | |
| 5 | лепиње од брашно тип 400 од 0.120 гр | парче | 5000 | | |
| 6 | поскуриња од бело тип 400 0.050кг | парче | 800 | | |
| 7 | Поскуриња црни од ржано и бело брашно тип 400 0.050кг | парче | 300 | | |
| 8 | Кифла мини од бело брашно тип 400 0.050 кг | парче | 1000 | | |
| 9 | Бурек со месо печиво пита поделена на четвртинки од наменско брашно и сол, секое парче мин 0.250 кг 20% полнење | парче | 400 | | |
| 10 | Бурек со сирење печиво пита поделена на четвртинки од наменско брашно и сол, секое парче мин 0.250 кг 20% полнење | парче | 400 | | |

## 4.РИБА И МОРСКИ ПЛОДОВИ

| Р.б | Вид на производ | Единична мерка | количина | Единична цена | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Риба:Крап, Состојба: свежа. Поединечна тежина од 1,5 до 2 кг. Пакувана во пластична амбалажа од 0,5 кг до 1 кг | килограм | 20 | | |
| 2 | Риба:Пастрмка, Состојба: свежа. Поединечна тежина од 0,150 кг до 0,250 кг. Пакувана во пластична амбалажа од 1 кг до 1,200 кг | килограм | 60 | | |
| 3 | Риба:Лосос, Состојба: замрзната, Парчиња од 100 гр до 130 гр. Пакувана во пластична амбалажа | килограм | 50 | | |
| 4 | Риба:Ослиќ, Состојба:замрзната. Поединечна тежина од 120 гр до 200 гр. Пакувана во пластична амбалажа од 0,5 кг до 1 кг. Категорија I | килограм | 200 | | |
| 5 | Риба Сардина,Сопсотав сардина риба, маслиново масло. Мин.нето маса од 80 гр до 150 гр. Конзерва лесно отворлива од 100 гр до 185 гр. | парче | 1200 | | |
| 6 | Риба Туна , Конзерва лесно отворлива од 0,180 гр | парче | 200 | | |

5. ЗЕЛЕНЧУК И ПРЕРАБОТКИ ОД ЗЕЛЕНЧУК

ЗА Дел 2- КОНЗЕРВИРАНИ И ЗАМРЗНАТИ ПРОИЗВОДИ ОД ЗЕЛЕНЧУК

| Р.б | Вид на производ | Единична мерка | количина | Единична цена | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Мешавина од замрзнат зеленчук ( пченка,морков,,грашок),состојба замрзната на -18ц | килограм | 350 | | |
| 2 | Боранија смрзната,состојба на -18ц | килограм | 100 | | |
| 3 | Брокула смрзната,сосотојба на -18ц | килограм | 50 | | |
| 4 | Пченка смрзната, состојба на -18ц | килограм | 40 | | |
| 5 | Грашак смрзнат, состојба на -18ц | килограм | 80 | | |
| | | | | | |

6.МЛЕКО И МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ

| Р.б | Вид на производ | Единична мерка | количина | Единична цена без ДДВ | Оригинален назив на производот и производителот |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| 1 | Кравјо пастеризирано Млеко хомогенизирано,со масленост од 2.8%до 3.2% | Литар | 900 | | |
| 2 | Јогурт,од пастеризано кравјо млеко со масленост од 2,8 % до 3,2 % во картонска или пластична амбалажа | Литар | 80 | | |
| 3 | Кравјо кисело млеко со најмалку 3% млечни масти, во пластична амбалажа од 0,400 кг до 0,500 кг | парче | 50 | | |
| 6 | Топено сирење,полномасно за мачкање,во алуминска фолија од 120 гр до 200 гр | парче | 400 | | |
| 8 | Павлака од кравјо млеко со масл.од 20% во пластична амбалажа од 180 гр до 1кг | килограм | 20 | | |
| 9 | Путер,прва класа со мин.масленост од 80% од 250 гр пакуван во алуминска фолија | килограм | 5 | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10 | Путер,прва класа со мин.масленост од 80% од 10 гр пакуван во алуминска фолија | парче | 6000 | | |
| 11 | Течна Павлака,неутрална од раст. Масти мин, масленост од 28% во картонска амбалажа од 1 л. | Литар | 100 | | |
| 12 | Млеко кравјо кремасто сирење во пластични канти од 1,8 кг до 4 кг | килограм | 30 | | |
| 13 | Кашкавал,кравји,ајдамер со мин.масленост од 45% во вакумирана амбалажа | килограм | 300 | | |
| 14 | Кајмак 0,250 кг | парче | 20 | | |
| 15 | Пармезан 0,250 кг | килограм | 10 | | |

Напомена:

Набавката ќе биде сукцесивна и ние како набавувачи ќе набавуваме од предметот на набавката во зависност од потребите.

Набавувачот не се обврзува во целост да ги набави наведените проценети количини на предметот на набавка.

Во описот на предметот на набавка е наведен прифатлив максимум до кој може да бидат пакувани производите.

Квалитетот на стоките треба да бидат во согласност со важечките стандарди и прописи, како и со барањата наведени во техничката спецификација.

Техничката спецификација ја изготвуваат стручни и одговорни лица од работните единици на кои се однесува предметот на набавката, земајки ги во предвид исклучиво производите кои се однесуваат на предметот на набавката за потребите на подружницата.

Изготвил,
Феријахе Вељија

Одобрил,
Беким Сељами

**Прилог 2 – Изјава со која понудувачот потврдува дека ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба**

## И З Ј А В А

Под целосна материјална и кривична одговорност изјавувам дека понудувачот ________________________________________ во целост ги исполнува критериумите за утврдување на личната и професионалната состојба на понудувачите утврдени во Поканата и условите наведени во Поканата за прибирање на понуди **бр. 10-248/3 од 08.06.2018** година, за **набавка на Безалкохолни пијалоци; Прехрамбени, кондиторски производи; Леб, брашно и бели пецива ; Риба и морски плодови ; Зеленчук и преработка од зеленчук – дел за конзервирани и замрзнати производи од зеленчук и Млеко и млечни производи - дел за потребите на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје Подружница Попова Шапка Тетово** , објавен од страна на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје и дека понудувачот ги има на располагање сите документи утврдени во Поканата за докажување на исполнувањето на овие критериуми, кои ќе му бидат доставени на Набавувачот доколку нашата понуда ќе биде избрана за најповолна во однос на наведените критериуми и прифатливи барања.

Место и датум

Одговорно лице

(потпис)

*Оваа изјава може да биде потпишана и од лице овластено од одговорното лице